09-965/4
17-06-2024

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 6 – та седница одржана на 10.06.2024 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Предметот заведен под број 09-965/1 од 01.03.2024 година, оформен против лицето ------, поранешен административен службеник во општина ----------, СЕ ЗАПИРА.
ДКСК заклучи дека наводите од пријавата се потврдуваат но не е констатирана повреда на одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, по што ДКСК нема елементи за натамошно надлежно постапување во предметниот случај.
Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Врз основа на пријава од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата оформи предмет бр.09-965/1 од 01.03.2024 година со наводи за постоење на судир на интереси.
Имено, во пријавата е наведено дека лицето ------------- била во редовен работен однос во општина -------- на работно место раководител на одделение за правни и општи работи заклучно со 12.10.2023 година, каде што на тој ден се вработува во редовен работен однос кај Нотар ------- во -------------.
Пријавителот наведува дека лицето било вработено во општината ----------- кое се стекнало со звање и вештина за време на нејзиниот работен ангажман како раководител на одделение за правни и општи работи, а подоцна општината ја ангажира повторно за потребите на истата.
Постапувајќи по поднесената пријава и целосно утврдување на фактичката состојба по предметот, ДКСК поднесе Барање за доставување на податоци со бр.09-965/2 од 25.04.2024 година до општина ----------, во однос на тоа да се достави документација за вработувањето на лицето ------------------, на кој начин била ангажирана за потребите на општината, дали во актот за систематизација на работни места на општината е предвидено работно место за кое истото лице дополнително е ангажирана, како и дали општина -------------- има воспоставено каков бил договорен однос со Нотар ------------------- од ---------------.

Од страна на општина ------------- е доставен одговор на бараната документација преку писмен допис со бр. 09-965/3 од 15.05.2024 година со кој известуваат за следното:
Лицето -------------- била вработена во општина ------------- во период од 13.12.2010 година до 12.10.2023 година. Од 13.12.2010 година е вработена и распределена на работно место Нормативно правни работи и застапување на општината со звање соработник согласно Решението бр.04-2310/1 од 09.12.2010 година. Со Решение за распоредување на работно место на административен службеник бр.09-1550/1 од 10.08.2015 година е распоредена на исто работно место поради нов правилник за систематизација на работните места во општината. На 01.02.2018 година поради промена на систематизација со Решение бр.04-275/1 повторно е распределена на исто работно место. Согласно спогодбата за престанок на работниот однос бр.04-242/2 од 06.02.2019 година, сметано со 06.02.2019 година на лицето --------- и престанува работниот однос на работно место Нормативно правни работи и застапување на општината со звање соработник, а со Решение бр.04-252/1 од 06.02.2019 година за вработување на административен службеник и распоредување на работно место, од 07.02.2019 година е на работно место раководител на одделение за правни и општи работи. Со Решение бр. 04-588/1 од 19.04.2021 година поради нов правилник за систематизација на работни места и се дава ново решение. На истото работно место останува до 12.10.2023 година, кога со спогодба бр.04-1414/1 од 12.10.2023 година и престанува работниот однос.
После престанокот на работниот ангажман во општина ------------, лицето било ангажирано и сеуште е ангажирано од страна на општината и тоа прв пат во период од 13.10.2023 година до 31.12.2023 година со договор на дело бр.04-1432/1 од 13.10.2023 година и втор пат со договор на дело во период од 02.01.2024 година до 30.06.2024 година кој договор сеуште е активен.
Ангажманот на лицето бил потребен за нормално функционирање на општината бидејќи после престанокот на работниот однос на ова лице општината се довела до ситуација да нема вработен правник за потребите на општината.
Во Правилникот за систематизацијата на работни места во општина ------ има предвидено работни места за правник, но лицето --------- е ангажирана согласно Законот за облигациони односи.
Општина -----------нема воспоставено никаков договорен однос со Нотар ------- од --------, каде моментално е вработено лицето Силвана Данаилова.

Во Законот за спречување на корупција и судир на интереси е предвидено ограничување за вршење на дејност по престанокот на функцијата и службените должности со членот 47 и тоа:
*(1) Службеното лице во рок од три години по престанокот на вршењето на јавните овластувања или должности, не може:*
*-да се вработи во трговското друштво во кое вршел надзор или имал воспоставено каков било договорен однос при вршењето на јавните овластувања или должности,*

*- да стекне по кој било основ акции односно удели во правното лице во кое работел, односно вршел надзор.*

*(2) Службеното лице во рок од две години по престанување на вршењето на јавните овластувања или должности, односно по престанокот на вработувањето, не може:*

*- да врши застапување како претставник на меѓународна или друга организација која со органот во кој претходно работел имаат или воспоставуваат договорен, односно деловен однос,*

*- да застапува правно или физичко лице пред органот во кој вршел јавни овластувања во предмети за кои како службено лице учествувал во донесување на одлуки,*

*- да врши работи на управување или ревизија во правното лице во кое најмалку една година пред престанокот на вршењето на јавни овластувања, неговата работа била поврзана со супервизорска или надзорна функција.*

Имено, после утврдување на фактичката состојба во поднесената пријава, ДКСК заклучи дека наводите од пријавата се потврдуваат, лицето ---------- после престанок на извршувањето на службените должности како вработено лице во општина ---------- е ангажирано од страна на истата општина преку договор на дело, а согласно Законот за облигационите односи, но не е настаната повреда на членот 47 од Законот за спречување на корупција и судир на интереси. ДКСК констатира дека нема елементи за натамошно надлежно постапување во предметниот случај, по што одлучи како во диспозитивот.

**Претседател**

**Татјана Димитровска**

По заклучок од седница на ДКСК
Изготвил: М.М.- соработник
Контролирал: К.З - раководител
Одобрил: С.Д. - член на ДКСК